Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер - Скопје
Agjencia e mbrojtjes të së drejtës për qasje të lirë në informacione me karakter publik - Shkup

| Примено / Pranuar | 25.02.2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. ед. / Njësia org. | Број / Numri | Прилог / Pranoi | Вредност / Vlera |
| 05 | 102/1 | | |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**КОМИСИЈА ЗА ПРАШАЊА НА ИЗБОРИТЕ И ИМЕНУВАЊАТА**

Број 16- 1268/1
24.02 2025 година

Врз основа на член 2 од Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија („Службен весник на РМ бр.36/90, 38/91, 23/97, 37/2005, 84/2005, 121/2007, 161/2008, 92/2009, 42/2010, 97/2010, 162/2010, 11/12, 145/12, 170/13, 139/14, 45/2018, 233/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 51/2024 и 272/2024), член 1 од Одлуката за определување на коефициентите за утврдување на плата на претседателот на Република Северна Македонија, на пратениците во Собранието на Република Северна Македонија и на функционерите кои ги избира и именува Собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 13/2025) и член 2 точка 7 став 2 алинеја 9 од Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 126/2024) Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Северна Македонија, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за коефициент за утврдување плата**

1. На Пламенка Бојчева, директор на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, платата за вршење на функцијата и се утврдува по коефициент 2,31.
2. Платата по основа на работното искуство се зголемува за 0,5% за секоја започната година работен стаж, а најмногу до 20%.
3. Исплатата по ова решение ќе ја врши Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, сметано од 01/ 02 /2025 година.

**О б р а з л о ж е н и е**

Собранието на Република Северна Македонија ја именува Пламенка Бојчева, за директор на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер. За функцијата за која е именувана во Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија и во член 1 од Одлуката за определување на коефициентите за утврдување на плата на претседателот на Република Северна Македонија, на пратениците во Собранието на Република Северна Македонија и на функционерите кои ги избира и именува Собранието на Република Северна Македонија утврден е коефициент од 2,31.

Според членот 10 од Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија работното искуство се вреднува така што платата во месечен износ ќе се зголемува за процентот утврден за работното искуство од 0,5% за секоја започната година работен стаж, а најмногу до 20%.

Со оглед на изложеното се одлучи како во диспозитивот на Решението.

**Претседател**
**на Комисијата за прашања на**
**изборите и именувањата,**
Ѓорѓија Сајкоски

Доставено до:
- именуваната
- Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер
- архива

Изработил
Контролирал